ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-1708/1
31. 03 2020 год.-vitl
СКОПЈЕ-SHKUP

---

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЈЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА- СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ: Директор на ЈП Улици и патишта-Скопје**

# П Р О Г Р А М А

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР, НЕЈЗИНИТЕ ПРИТОКИ, ОТВОРЕНИТЕ КАНАЛИ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

***Скопје, март 2020 година***

---

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за комунални дејности ( '"Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13 и 42/14) , точка IV од Развојниот план за одржување на коритото на река Вардар, нејзините притоки и отворените канали на подрачјето на Град Скопје за период од 2020-2022 година и член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта, Управниот Одбор на ЈП Улици и патишта на дваесетиседмата седница одржана електронски на 31 март 2020 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР, НЕЈЗИНИТЕ ПРИТОКИ И ОТВОРЕНИТЕ КАНАЛИ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата бр.02-6900/6 од 20.12.2019 за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали и расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје во 2020 година, на која е дадена соглсност бр.27-12164/1 од 26.12.2019 од Советот на Град Скопје, во насловот **II Планирани ативности** се менува текстот во точка 4 и гласи

На локациите каде се наоѓаат дивите депонии кои се со поголема површина и на нерамен терен, ќе биде потребно да се спроведе машинско- булдожерско буткање, со цел пополнување и порамнување на нерамнините и дупките со земја. Исто така на овие локации каде е потребно ќе се изврши и машински утовар на земја во камиони која ќе се транспортира до 1 км на истата депонија каде ќе се одложи за потоа да се спроведе машинско порамнување и валирање на теренот.

Член 2

Останатите точки во Програмата остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување , а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје и објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Скопје,
31 март 2020 година

Управен одбор
Претседател
Огнен Петровски